Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за Локална самоуправа( „Службен весник на РМ“ бр 5/02), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.12.2023 година го донесе следниот :

**П Р А В И Л Н И К**

за доделување на награди за талентирани (наградени) ученици во основните и средните училишта во Општина Прилеп

**Член 1**

Со овој Правилник се определуваат критериумите за доделување на награди за талентирани (наградени) ученици за природни и оштествени науки во основните и средните училишта во Општина Прилеп.

**Член 2**

Право на поднесување на пријава за награда за талентирани (наградени) ученици имаат директорите на училиштата, под следните критериуми:

- да се редовни ученици во основно или средно училиште во Општина Прилеп,
- да освоиле награди за поединечно освоено I, II или III место на државен или меѓународен натпревар за учебната година.

Потребна документација која треба да ја достават директорите е:

- копија од трансакциска сметка и лична карта на ученикот/родителот/ старателот доколку ученикот не поседува
- копии од дипломи за освоени награди

**Член 3**

Освоени места од неакредитирани здруженија на наставници за организирање на ученички натпревари за основно и средно образование нема да бидат земени во предвид.

Освоените места на групни натпревари нема да бидат разгледувани.

**Член 4**

Висина на наградата за освоено место на меѓународен натпревар ќе изнесува:

Прво место - 9.000,00 денари
Второ место - 8.000,00 денари
Трето место - 7.500,00 денари

**Член 5**

Висина на наградата за освоено место на државен натпревар ќе изнесува:

Прво место - 7.000,00 денари
Второ место - 6.000,00 денари
Трето место - 5.000,00 денари

**Член 6**

Ученикот може да биде награден само еднаш во тековната учебна година.

Ученикот кој во учебната година освоил повеќе места, ќе биде награден за највисокото рангирано место.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп", додека Правилникот бр.09-4131/14 од 01.12.2022 година престанува да важи.

Број 09-4248/19
28.12.2023 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски